Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневни настани 28.02.2022

На 27.02.2022 во 20.25 часот во с.Непроштено, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Теарце ги лишиле од слобода А.С.(58), А.Б.(26), Ч.М.(21) и двајца малолетници, сите од с.Селце, тетовско. При преглед во патничко возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал А.С., а останатите биле сопатници, биле пронајдени и одземени марихуана и остри предмети. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 27.02.2022 во 17.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје привеле малолетник од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.02.2022 во 23.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Б.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.02.2022 околу 12.30 часот на улица „Јово Стефаноски Риле" во Струга, полициски службеници од ОВР Струга го привеле Ѓ.В.(29) од Битола затоа што кај него бил пронајден и одземен хероин. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.02.2022 во периодот од 17.00 до 24.00 часот и на 27.02.2022 година во периодот од 05.30 до 12.30 часот, полициски службеници од ОВР Радовиш извршиле контроли на подрачје на Радовиш, при што на три различни локации (две во Радовиш и една на планина Плачковица) биле пронајдени две патнички моторни возила и две запрежни возила натоварени со бесправно исечени огревни дрва. Дрвата и возилата биле одземени и предадени на Шумска полиција Радовиш, а по целосно расчистување на случаите ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 27.02.2022 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 43 прекршоци, од кои 29 надвор од населено место и 14 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. На 26/27.02.2022 во периодот од 21.00 до 02.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 13 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 11 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 1 за непрописно престигнување, 3 за некористење сигурносен појас и 1 за непрописно паркирање.

На 27.02.2022, при сообраќајни контроли извршени од 13 до 18.00 часот, полициски службеници во Охрид затекнале 22 возачи кои управувале моторно возило со брзина поголема од дозволената (14-надвор од населено место и 08-во населено место). При извршените контроли во Кичево, 19 возачи биле санкционирани поради надминување на дозволената брзина во населено место.

На 27.02.2022 во 17.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Јустинијан Први" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „опел вектра" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Т.(52) од Скопје и патничко моторно возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.И.(40) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Р.Т., а со телесни повреди се здобиле А.И. и уште двајца малолетни сопатници од истото возило, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.02.2022 во 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат Скопје-Велес, во атар на нас.Дрма, патничко моторно возило „мерцедес" со пробиштипски регистарски ознаки, управувано од Е.М.(53) од Кочани, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот и сопатничката Ж.М.(55) од Кочани, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.02.2022 во 16.00 часот на магистрален пат село Удово - село Марвинци, на место викано „Марвинска крстосница" се случила сообраќајна несреќа помегу патничко моторно возило „опел корса" со валандовски регистарски ознаки, управувано од М.К.(44) од село Јосифово, валандовско и патничко моторно возило „опел инсигниа" со валандовски регистарски ознаки, управувано од Д.Д.(27) од село Брајковци, валандовско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот М.К., констатирани во Медицински центар Гевгелија. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Валандово.

На 27.02.2022 во 17.45 часот на бул.„Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.Д.(20) од с.Бојане, скопско и двајца малолетници од с.Чајлане и с.Ласкарци, скопско, затоа што непосредно пред тоа одзеле разни предмети од продажен објект во трговски центар во Скопје. Кај нив биле пронајдени предметите и биле вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава по член 236 од Кривичниот законик.

На 27.02.2022 околу 21.40 часот во гостиварско Врапчиште, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Џ.Р.(46) од тетовско Синичане, кој се обидел да изврши тешка кражба во објект на 53-годишниот Ф.Ш. од ова село. По лишувањето, кај него биле пронајдени и повеќе предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од претходно извршени кражби. Се расчистува и документира случајот, по што ќе следува соодветна пријава.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против В.Е.(44) од тетовското село Мала Речица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Тој, во текот на јули минатата година лажно му се претставил на жител на струшкото село Велешта како вработен во општината и дека наводно може да му обезбеди градежна дозвола. Притоа, во два наврати побарал и добил вкупно 166.000 денари.

Во првите два месеци од оваа година, јануари и февруари, заклучно со денеска (28 февруари), на подрачјето на СВР Тетово вкупно откриени и со соодветни поднесоци санкционирани се 430 поединци (ТЕ-332 и ГВ-98), односно возачи кои ги управувале возилата без возачка дозвола. Претежно станува збор за возачи на возраст од 17 до 40 години, кои без возачки дозволи управувале сопствени или возила на други лица, најчесто од нивни најблиски или роднини. Сите веднаш биле исклучени од сообраќај и изготвени им се поднесоци, така што ќе се соочат со предвидените парични глоби кои за овој вид сообраќаен прекршок согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, изнесуваат 250 евра во денарска противвредност, а парични глоби во тој износ ги очекуваат и сопствениците на возилата кои им ги дале да ги управуваат, иако знаеле дека немаат положено возачки испит.

Во текот на изминатиот викенд (26/ 27.02.2022 ) на подрачјето на СВР Куманово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. Притоа, биле санкционирани 17 возачи.

На 27.02.2022 во 19.40 часот во Полициска станица Аеродром, С.С.(24) од Скопје пријавил дека околу 00.30 часот во угостителски објект на подрачје на Аеродром, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од Е.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.02.2022 во 20.13 часот во СВР Скопје било пријавено пред подрумска просторија во зграда на ул.„Струмичка" била пронајдена една граната за минифрлач со калибар 120 мм. Гранатата била подигната и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.02.2022 во 15.30 часот, Г.М.(65) од Кичево во надлежната полициска станица пријавил дека на улицата „Маршал Тито" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 28.02.2022 во 06.15 часот во Полициското одделение Старо Нагоричане, М.М. од село Добрача пријавил дека во неговиот маркет во село Драгоманце било влезено со употреба на сила и биле одземени повеќе предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Д.А.(23) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 30.12.2020 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Велес поднесе крична пријава И.В.(24) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 19.08.2021 во Кавадарци, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Велес поднесе кричнa пријава М.А.(43) од Кавададарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 20.08.2021, полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

На 28.02.2022 во 13.07 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред спортска обложувалница во населба Бутел четири лица со закана со оружје од вработените одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Н.(26) од с. Групчин, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 11.01.2022 на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници запреле патничко возило „мерцедес ", управувано од А.Н., при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без документација издадена од надлежен орган.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Р.(59) од Голема Речица поради постоење основи нас сомнение за сторено кривично дело "вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 11.01.2022 на ул.„Маршал Тито" во Тетово, полициски службеници запреле патничко возило „форд транзит", управувано од А.Н., при што било констатирано дека врши јавен превоз на патници без документација издадена од надлежен орган.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет